Врз основа на член 20, член 24 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19) а во врска со поднесеното барање од АД „Медиумска информативна агенција"- Скопје, бр. 02-2144 од 08.04.2022 година застапувано преку новинар Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното

Бр.-Nr. 02-2144/2
27-04 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕШЕНИЕ**

Се **ПРИФАЌА** барањето на АД „Медиумска информативна агенција"- Скопје, бр. 02-2144 од 08.04.2022 година застапувано преку новинар , за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот АД „Медиумска информативна агенција"- Скопје, застапувано преку новинар да се запознае со содржината на бараната информација со препис во истата.

**Образложение**

Барателот на информации од јавен карактер АД „Медиумска информативна агенција"- Скопје, застапувано преку новинар на ден 08.04.2022 година достави барање до имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје со кое се бара одговор на следните прашања:

- Колку изнесува просечната плата во вашето АД?
- Колкава е најниската, а колкава е највисоката плата во вашето АД?
- Колкав е бројот на вработени?
- Дали економската криза влијае врз ефикасноста во работењето на вашето АД?

Информацијата ја бараат во форма електронски запис по е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПРИЛОГ: Одговор на бараните прашања

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје
Генерален директор,
Orhan Murtezani

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но: Барател
Службени лица за посредување со ИЈК
Кабинет на ГД
Архива